# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**О Д Л У К А**
за изменување на одлуката за плата, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје .................................. 2

**О Д Л У К А**
за плата, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје (пречистен текст) .............................. 4

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010), член 14 и член 20 од Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 287/2022), член 170-а и член 170-б од Законот за дополнување на Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 58/2024) и член 47, став 1, точка 13 од Статутот на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Научниот совет на Институтот, на својата седница одржана на 27.1.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на одлуката за плата, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување, во смисла на усогласување на Одлуката за плата, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје (Универзитетски гласник бр.621/2022 ), со Колективниот договор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 287/2022) и Законот за дополнување на Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 58/2024).

**Член 2**

Во членот 8, став 1, точка 3 под а) се менува и гласи:

„а) Категорија А1
- ниво А1 – помошно-технички лица (портир, хаусмајстор, домар, економ, возач, техничар, лаборант, парногрејач и др.)
- ниво А1 – помошно-технички лица (работник во скриптарница, копирант и др.)
- ниво А1 – помошно-технички лица (хигиеничар, чувар, градинар и др.).“

**Член 3**

Во член 9 од Одлуката, по став 7, табелите се менуваат и гласат:

| „Ниво | Назив/звање на работното место | Бодови |
|---|---|---|
| **1.Наставно-научен кадар** | | |
| А1 | редовен професор/научен советник | 834 |
| А2 | вонреден професор/виш научен соработник | 758 |
| А3 | доцент/научен соработник | 689 |
| | асистент со докторат, стручен соработник со докторат | 575 |
| | асистент | 540 |
| | стручен соработник, виш лаборант, лаборант | 517 |

| Ниво | Назив/звање на работното место | Бодови |
|---|---|---|
| **2.Стручна и административна служба** | | |
| А2 | секретар на Институтот | 689 |
| Б4 | раководител на одделение | 540 |
| В1 | советник | 494 |
| В2 | виш соработник | 448 |
| Г1 | самостоен референт | 332 |
| | помлад референт, економ-домаќин, хаусмајстор, курир (доставувач) и др. | 297 |
| | помошно-технички лица (портир, хаусмајстор, домар, економ, возач, техничар, лаборант и др. помошно-технички кадар) | 293 |
| | помошно-технички (хигиеничар, чувар, градинар и др. општи работници) | 276“ |

**Член 4**

Членот 10 се менува и гласи:

„На утврдената основна бруто плата од член 9 се пресметува делот од платата за работен стаж.

Делот од плата за работниот стаж за работникот се вреднува во износ од 0,5 % од основната плата, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20 %.“

**Член 5**

Член 15, став 1 се менува и гласи:

„Дел од платата за работна успешност се исплаќа за:

- зголемен обем на работа;
- вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
- предвремено и квалитетно извршување на работите.“

**Член 6**

Членот 27 се менува и гласи:

„За учество во комисии и работни тела во процесот на организирање и реализирање на трет циклус студии, надомест им се исплаќа на наставниците, соработниците и на стручно-административниот и технички кадар.

Надоместоците за учество во трет циклус студии се исплаќаат согласно со Одлуката за распределба на школарината за студирање и евиденција на уплатите на третиот циклус академски – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје.“

**Член 7**

Во член 29, став 1, по зборот „високостручна“ се додава зборот „дејност“.

**Член 8**

Член 35 се менува и гласи:

„Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите од Одлуката за изменувања на Одлуката за плата, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје, објавена во Универзитетски гласник бр. 692/2024.“

**Член 9**

Членот 36 се менува и гласи:

„Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник, а почнува со примена со платата за месец јануари 2025 година.“

**Директор**
**Проф. д-р Игор Ѓорѓиев, с.р.**

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010) и Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 287/2022) и член 47, став 1, точка 13 од Статутот на Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Научниот совет, на својата седница одржана на 27.1.2025 г., донесе

**О Д Л У К А**
**за плата, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје**
**(пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените во Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје, (во понатамошниот текст: Институт).

**Член 2**

Вработените во Институтот имаат право на плата од буџетски средства, како и средства стекнати по други основи, согласно со закон, Колективниот договор, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Правилник на Универзитетот) и Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје (во натамошниот текст: Одлука).

Покрај платата, вработените имаат право и на додатоци на плата, надоместок на трошоци поврзани со работата и надоместок за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски согласно со закон, Колективниот договор и оваа одлука.

**Член 3**

Платата и надоместоците на плати на вработените се утврдуваат и се исплатуваат на начин, услови, критериуми и во постапка утврдена со закон, оваа одлука, Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Колективен договор), актите на Универзитетот и општите акти на Институтот.

**Член 4**

Платата на вработените за работа со полно работно време не може да биде пониска од основната плата утврдена со оваа одлука.

Доколку во Институтот настанат тешкотии во работењето, на вработените им се исплатува плата пониска од основната.

Во случајот од став 2 на овој член, на вработените им се исплатува плата во износ утврден од Министерството за образование и наука според коефициентите на сложеност на работните места во високото образование, согласно со Колективниот договор.

**Член 5**

Платата на вработените во Институтот се пресметува и се исплатува еднаш месечно, во паричен износ.

Платата, придонесите и даноците на плата и надоместоците на плата на вработените ги исплатува работодавецот.

Платата, придонесите, даноците и другите давачки на платите и надоместоците на вработените се исплаќаат од:

- средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија;
- средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија и од

средствата стекнати од други извори (кумулативно);
- средствата стекнати од други извори.

Дел од платата, односно платата се исплаќа од средствата стекнати од други извори, доколку во Институтот се остварени приходи од други извори.

**Член 6**

Институтот води евиденција за платите, додатоците и надоместоците на платите, како и на исплатените придонеси и додатоци од плата, а на вработениот му се издава пресметковна листа за исплатена плата.

**II. ПЛАТА**

**Член 7**

Платата на вработените ја сочинуваат две компоненти:

А) Основна компонента на плата, која се состои од:
- основна бруто плата;
- дел од плата за работен стаж.

Б) Исклучителна компонента на плата, која се состои од:
- дел од плата за работна успешност;
- додатоци и/или надоместоци.

**А. Основна компонента на плата**

**Член 8**

Во Институтот се утврдени следниве групи на сложеност на работните задачи (наставен/научен кадар):

1. За лицата избрани во наставно-научни звања и соработнички звања:

а) Категорија А – наставно-научни звања:
- ниво А1 - редовен професор
- ниво А2 - вонреден професор
- ниво А3 - доцент.

б) Категорија В - соработнички звања:
- ниво В1 – асистент
- ниво В2 – стручен соработник.

в) Категорија Г – друг соработнички кадар:
- ниво Г1 – стручен соработник
- ниво Г3 – лаборант, техничар

2. За вработените во Стручната и административна служба (ненаставен кадар):

а) Категорија А
- ниво А2 – секретар.

б) Категорија Б
- ниво Б4 – раководител на одделение

в) Категорија В
- ниво В1 – советник,
- ниво В2 – виш соработник,

г) Категорија Г
- ниво Г1 – самостоен референт.

3. За помошно-технички кадар во Институтот:

а) Категорија А1
- ниво А1 – помошно-технички лица (портир, хаусмајстор, домар, економ, возач, техничар, лаборант, парногрејач и др.)
- ниво А1 – помошно-технички лица (работник во скриптарница, копирант и др.)
- ниво А1 – помошно-технички лица (хигиеничар, чувар, градинар и др.)

Со оваа одлука, во рамките на секоја група на сложеност ќе се утврди коефициент на сложеност за секое работно место во зависност од видот, обемот, сложеноста на работата и одговорноста за работите на работното место.

**Член 9**

Основна бруто плата се состои од:
- основна бруто плата којашто се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука, утврдена со Колективниот договор;
- основна бруто плата која се исплаќа од сопствени приходи на Институтот, утврдена со оваа одлука.

Делот од основната бруто плата што се исплаќа од сопствените средства се искажува во бодови за секое работно место утврдено со актот за систематизација на работните места во Институтот.

Вредноста на бодот се утврдува најмалку еднаш годишно со одлука на Институтската управа, во зависност од

расположливите финансиски сопствени средства.

Основната бруто плата се утврдува со множење на вредноста на коефициентот за пресметување на основната бруто плата и сложеноста на работното место, согласно со Колективниот договор.

Основната бруто плата која се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука се пресметува согласно со следните коефициенти на сложеност на работните места.

| Ниво | Назив/звање на работното место | Коефициенти |
|---|---|---|
| **1.Наставно-научен кадар** | | |
| А1 | редовен професор/научен советник | 4.40 |
| А2 | вонреден професор/виш научен соработник | 4.00 |
| А3 | доцент/научен соработник | 3.60 |
| | асистент со докторат, стручен соработник со докторат | 2.80 |
| | асистент | 2.70 |
| | стручен соработник, виш лаборант, лаборант | 2.50 |

| Ниво | Назив/звање на работното место | коефициенти |
|---|---|---|
| **2.Стручна и административна служба** | | |
| А2 | секретар на Институтот | 3.60 |
| Б4 | раководител на одделение | 2.70 |
| В1 | советник | 2.30 |
| В2 | виш соработник | 2.10 |
| Г1 | самостоен референт | 1.70 |
| | помлад референт, економ-домаќин, хаусмајстор, курир (доставувач) и др. | 1.40 |
| | помошно-технички лица ( возач, техничар, лаборант и др. помошно-технички кадар) | 1.30 |
| | помошно-технички (хигиеничар, градинар и др. општи работници) | 1.20 |

Основната бруто плата, која се исплаќа од сопствени средства на Институтот, се пресметува врз основа на бодови по категории на работни места.

Висината на основната бруто плата, изразена во бодови по работни места и работно искуство, се утврдува во следниов износ:

| Ниво | Назив/звање на работното место | Бодови |
|---|---|---|
| **1.Наставно-научен кадар** | | |
| А1 | редовен професор/научен советник | 834 |
| А2 | вонреден професор/виш научен соработник | 758 |
| А3 | доцент/научен соработник | 689 |
| | асистент со докторат, стручен соработник со докторат | 575 |
| | асистент | 540 |
| | стручен соработник, виш лаборант, лаборант | 517 |

| Ниво | Назив/звање на работното место | Бодови |
|---|---|---|
| **2.Стручна и административна служба** | | |
| А2 | секретар на Институтот | 689 |
| Б4 | раководител на одделение | 540 |
| В1 | советник | 494 |
| В2 | виш соработник | 448 |
| Г1 | самостоен референт | 332 |
| | помлад референт, економ-домаќин, хаусмајстор, курир (доставувач) и др. | 297 |
| | помошно-технички лица (портир, хаусмајстор, домар, економ, возач, техничар, лаборант и др. помошно-технички кадар) | 293 |
| | помошно-технички (хигиеничар, чувар, градинар и др. општи работници) | 276 |

Вредноста на бодот е искажана во нето износ.

**Член 10**

На утврдената основна бруто плата од член 9 се пресметува делот од платата за работен стаж.

Делот од плата за работниот стаж за работникот се вреднува во износ од 0,5 % од основната плата, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20 %.

**Мерила и критериуми за остварување на основна бруто плата**

**Член 11**

За да стекне плата, вработениот е должен во текот на 40-часовната работна недела да ја извршува работата утврдена со актот за систематизација на Институтот, за видот и описот на работите на работните места.

Извршувањето на работата треба да биде квалитетно, редовно, навремено, целосно и точно.

**Член 12**

Основната плата на наставниците и соработниците се остварува за извршување на научноистражувачка работа и настава во рамките на 40-часовна работна недела.

**Член 13**

Вкупното работно време на вработените се распределува на:

а) Работни часови за вршење научноистражувачка дејност:
- водење и учествување во научноистражувачки проекти; презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл.;
- објавување научни и стручни трудови;
- вршење стручно-апликативна дејност.

б) Работни часови за научно и стручно усовршување:
- постојано научно и стручно усовршување;
- изградување наставно-научен подмладок;
- изработка на докторска дисертација на асистентите (соработниците).

в) Работни часови за вршење наставни активности:
- подготвување и изведување индивидуална, групна и колективна настава, максимум 6 часа неделно;
- подготвување на вежби;

- учествување во други облици на наставна работа утврдена со студиските програми;
- изведување приемни испити;
- вршење прием (консултации) на студенти;
- подготвување на предметни програми;
- обезбедување и препорачување основна и дополнителна литература за студентите;
- изготвување учебници, учебни помагала и друг вид литература.

г) Работни часови за учество во работата и управувањето на установата:
- учествување во работата на органите на Институтот и вршење други обврски и работи утврдени со закон, Колективниот договор или со акт на Универзитетот и Институтот.

**Член 14**

Работното време на работниците од редот на стручен и административен кадар се остварува во петдневна работна недела.

**Б. Исклучителна компонента на плата**

**1. Дел од плата за работна успешност**

**Член 15**

Дел од платата за работна успешност се исплаќа за:
- зголемен обем на работа;
- вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
- предвремено и квалитетно извршување на работите.

Делот од плата за работна успешност во текот на месецот може да се зголеми најмногу до 30 % од основната плата.

Делот од плата за работна успешност може да се исплати доколку за тоа Инсти-тутот има обезбедено средства за таа намена.

Директорот со решение во кое се дефинира и временска рамка, доделува дополнителни бодови за работна успешност.

**2. Додатоци**

**Член 16**

За извршување на раководни функции се утврдува функционален месечен додаток на плата, изразен во бодови по функции, и тоа:

- директор 205 бода
- заменик-директор 120 бода
- помошник-директор 120 бода
- раководители на оддели 95 бода

Функционалните додатоци на плата од овој член се исплатуваат месечно, од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

Вредноста на бодот од овој член е еднаква со вредноста на бодот од член 9.

Средствата за исплата на функционалниот додаток се обезбедуваат од сопствените приходи на Институтот.

**Други надоместоци и примања**

**Член 17**

Вработените лица имаат право на додаток на основната плата за прекувремена работа, работа ноќе, работа во деновите на празници, како и работа во ден на неделен одмор согласно со Законот за работните односи и Колективниот договор. Средствата за овие додатоци се исплаќаат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Вработените лица имаат право на надомест за службено патување согласно со Законот и Колективниот договор, кој се исплаќа од сопствените средства на Институтот.

**Член 18**

Вработените имаат право и на други надоместоци и примања, и тоа за:
- одвоен живот од семејството;
- годишен одмор (регрес);
- јубилејни награди;
- отпремнина за заминување во пензија.

Средствата од став 1, алинеи 1, 2 и 3 се обезбедуваат од сопствени средства на Институтот, додека средствата од став 1, алинеја 4 се обезбедуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука.

**Член 19**

Надоместокот за одвоен живот од семејството се исплатува во согласност со одредбите од Колективниот договор.

**Член 20**

Вработените лица имаат право на надомест за годишен одмор (регрес) во висина најмногу до 60 % од просечната месечна бруто плата по работник во државата која важи на денот на донесување на одлуката за исплата.

Исплатата на регресот се врши доколку Институтот има обезбедено средства од сопствени приходи, врз претходно донесена одлука на Институтската управа.

Регресот се исплаќа еднаш годишно, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година во Институтот.

**Член 21**

Вработените лица имаат право на надомест за јубилејни награди согласно со закон и со Колективниот договор, за што одлука донесува Научниот совет.

Исплатата на јубилејна награда се врши доколку Институтот има обезбедено средства од сопствени приходи.

**Член 22**

Работникот има право на отпремнина за заминување во пензија.

Висината на отпремнината се утврдува согласно со позитивните законски прописи, а средствата се обезбедуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

**Член 23**

Во случај на смрт на работник, на неговото семејство му припаѓа парична помош.

На работникот му се исплатува парична помош, и тоа:

- во случај на смрт на член на неговото потесно семејство (сопруг-а, вонбрачен партнер-ка, родител или дете);
- за непрекинато боледување подолго од шест месеци.

На работникот му се исплатува парична помош од став 1 и став 2 на овој член во висина утврдена во Законот за извршување на буџет.

На работникот му се исплатува парична помош во висина од една основица во случај на потешки последици од елементарни непогоди, согласно со Законот за заштита и спасување.

Паричната помош од став 2, алинеја 1 на овој член, на работникот му следува за смрт на секој член од неговото потесно семејство во текот на една календарска година.

Паричната помош на работникот му се исплаќа еднократно.

Средствата за исплата на парична помош се обезбедуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука.

## III. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА ОД ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ

**Член 24**

Вработените имаат право на надоместоци на плата и надомест на трошоци поврзани со работата согласно со основите и критериумите утврдени со законот и Колективниот договор.

**Член 25**

На наставно-научните работници и на соработниците во Институтот им се исплатува надомест за вршење на работи и задачи кои не се опфатени и се над нормите утврдени во член 12 и член 13 од оваа одлука:

- учество во рецензентска комисија за избор во звање;
- издавачка дејност;
- учество во работа на комисии, работни тела и групи и сл.;
- активности во реализација на курсеви, семинари, симпозиуми, перманентно образование и сл.;
- вршење работи на научноистражувачки проекти;

- реализација на применувачка, односно апликативна високостручна дејност;
- настава на header нематични факултети;
- настава надвор од Универзитетот;
- изработка на елаборати, студии, програми, експертизи, вештачења.

Исплатите се реализираат врз основа на утврдените бодови во членовите 26, 27 и 28.

Вредноста на бодот се утврдува од страна на Институтската управа и се разликува од вредноста на бодот од член 9.

**Член 26**

За учество во комисии и работни тела во процесот на организирање и реализирање на втор циклус студии, надомест им се исплаќа на наставниците, соработниците и на стручно-административниот и технички кадар.

Надоместоците за учество во втор циклус студии се следниве:

- за ментор на кандидат за магистерски студии – 500 бода;
- за член на комисија за оцена на магистерски труд – 60 бода;
- за член на комисија за одбрана на магистерски труд – 40 бода;
- за работа на Научниот колегиум за упис и водење на секој студент се исплаќаат 100 бода по запишан студент. Раководителот на Научниот колегиум води евиденција и доставува извештај за работата на колегиумот до Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, врз основа на кој се изработува решение што го потпишува директорот.

**Член 27**

За учество во комисии и работни тела во процесот на организирање и реализирање на трет циклус студии, надомест им се исплаќа на наставниците, соработниците и на стручно-административниот и технички кадар.

Надоместоците за учество на трет циклус студии се исплаќаат согласно со Одлуката за распределба на школарината за студирање и евиденција на уплатите на третиот циклус академски – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје.

**Член 28**

На членови на комисија, работно тело, работна група и сл., формирани од орган на Институтот за изготвување на нормативни акти, експертски анализи, стручни материјали и други активности, им се исплаќа надомест во зависност од обемот и степенот на сложеност на работните задачи, во висина од 10 до 100 бода.

Членови на комисија, работна група, работно тело и сл. можат да бидат наставно-научните и соработничките кадри и лица од Стручната служба на Институтот, како и соодветни надворешни лица.

Обемот и степенот на сложеноста се утврдуваат од органот кој ја формирал комисијата, работната група и работното тело и сл. при нивното формирање.

Висината на надоместоците се одредува со формирање на комисијата, работното тело и работната група и сл., а исплатата се врши со посебна одлука согласно со член 2, став 2 од оваа одлука.

Средствата за исплатата од овој став се од сопствени приходи на Институтот.

**Член 29**

За учество во реализација на применувачка, високостручна дејност се исплаќа надомест согласно со:

- Одлуката за Упатство за распределба на надоместоци за вршење на дополнителни работи и задачи на УКИМ – ИЗИИС Скопје (арх. бр. 02-2217/2 , од 27-12-2011 г).
- Одлуката за распределба на средствата кои се добиваат врз основа на услугата од страна на УКИМ – ИЗИИС за изработка на мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата и мислење за изведен степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, во фаза на

градба и по комплетирање на нивната конструкција број 02-308/2 од 27.2.2014 година.

Одлуките од овој член ги донесува Институтската управа.

Средствата за реализација на овие исплати се од сопствени приходи на Институтот.

**Член 30**

За изведувањето настава на други факултети и научни институти во состав на Универзитетот, се издвојуваат 20 % за Институтот, и тоа се регулира со договори склучени помеѓу единиците на Универзитетот. Остатокот се исплаќа на лицата кои ја изведуваат наставата.

**Член 31**

Од приходот што Институтот го остварува по основ вршење настава на други универзитети, 20 % се издвојуваат за Институтот, а од остатокот се исплаќаат лицата кои ја изведуваат наставата на другите универзитети.

## IV. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ОД СТРАНА НА ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ВРАБОТЕНИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ, ОДНОСНО ИНСТИТУТОТ

**Член 32**

На наставник/соработник на кој му мирува работниот однос поради извршување на јавни функции за кои прима плата, ангажиран наставник во наставно звање, истакнат стручњак од практиката, како и на редовен професор на докторски студии, може да им се исплаќа надомест за одржан час настава, односно учество во наставата.

Надоместоците од став 1 на овој член се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците во изведување на наставата, одобрен од раководителот на соодветната организациона единица.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 33**

Исплатите по оваа одлука ќе се вршат во рамките на обезбедените средства за таа намена.

**Член 34**

За сè што не е предвидено со оваа одлука се применуваат одредбите од Законот за работните односи, Колективниот договор, како и други прописи и акти на Универзитетот и Институтот кои ја регулираат оваа материја.

**Член 35**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите од Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на УКИМ – ИЗИИС, Скопје (Универзитетски гласник бр. 692/2024 година).

**Член 36**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник, а почнува со примена со платата за месец јануари 2025 година.

**Д и р е к т о р**
**Проф. д-р Игор Ѓорѓиев, с.р.**